BOSCH
Технологија за живот

# Направени за **да траат.**

## Bosch машини за перење со EcoSilence Drive со 10-годишна гаранција на моторот.

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА






## 10-годишна гаранција за мотор EcoSilence Drive.

Не е само колку да се каже, туку навистина го гарантираме тоа. Моторот од вашата машина за перење и машината за перење-сушење е осигуран за наредните 10 години.

**Услови на гаранција за машините за перење и машините за перење-сушење со мотор EcoSilence Drive.**

Дополнително на законската гаранција за беспрекорна работа на апаратот нудиме  додатна гаранција за моторот EcoSilence Drive за машините за перење и машините за перење-сушење од серијата Bosch Series 4, 6 и 8 под следните услови. Притоа правата за рекламација во продажното место во согласност со купопродажниот договор остануваат непроменети:

1. Ние ќе ги поправиме сите грешки на моторот EcoSilence Drive за кои ќе се докаже дека се резултат на дефект во материјалот и/или дефект во производството.
2. Гаранцијата трае 10 години, и истата стапува во сила при испорака на машината за перење до првиот краен корисник, ако првиот краен корисник изврши онлајн регистрација во рок од осум недели од доставата. Регистрацијата се извршува на веб-страницата **www.bosch-promocii.mk**  Регистрацијата е можна само ако првиот краен корисник даде согласност за зачувување на неговите или нејзините информации. Испечатениот сертификат за гаранција со оригиналната сметкопотврда што го покажува датумот на купување и/или испораката ќе послужат како потврда за регистрација. Рекламацијата мора да биде поднесена во пост-продажната служба наведена во именикот за пост-продажни служби во рамките на гарантниот рок, со приложување на оригиналната сметкопотврда за набавка и испечатен сертификат за гаранција.
3. Гаранцијата ја губи валидноста ако дефектот во моторот EcoSilence Drive е предизвикан од неправилна употреба, употреба надвор од домаќинството или непочитување на инструкциите за склопување и употреба. Правото на рекламација престанува да важи доколку се извршени поправки од страна на неовластени лица.
4. Ако гарантното барање е оправдано според нашата проценка, моторот EcoSilence Drive ќе биде поправен или заменет со друг, беспрекорен мотор EcoSilence Drive на местото на инсталација. Заменетите делови или единици стануваат наша сопственост.
5. Гаранцијата го покрива моторот, но не и трошоците за поправка и патните трошоци на сервисниот техничар, кои ќе бидат ваша одговорност. Трошоците се наплаќаат согласно со актуелниот ценовник во периодот на гарантното барање.
6. Услугите наведени во оваа гаранција не претставуваат продолжување на гаранцијата или општ период на гаранција, ниту пак започнување на нов рекламациски период или нова гаранција. Оваа гаранција не ограничува никакви законски права, особено во однос на рекламација во продажното место во согласност со купопродажниот договор и Актот за заштита на потрошувачите и какви било рекламациски барања кај производителот според Законот за општа безбедност на производи.
7. Понатамошни или други барања се исклучени со овие услови.

Овие гаранциски услови се однесуваат на моторот EcoSilence Drive инсталиран во машините за перење и машините за перење-сушење од серијата Bosch Series 4, 6 и 8 купени и употребувани во Северна Македонија.

Овие гаранциски услови важат од 1 март 2024 година.

BSH Hišni aparati d.o.o. Nazarje
Savinjska cesta 30
3331 Nazarje - Slovenija

март 2024